20502

pres-kliping • press-clipping
1952 — 1972
NOVINSKA DOKUMENTACIJA
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 608-1-1572-1
Isečak iz lista
Newspaper cutting
МЛАД БОРЕЦ
Скопје
25. X. 1972

### IV Светска галерија на карикатури

# ИЗВОНРЕДНО „ЗОШТО“

**ГОДИНАШНАВА IV светска галерија на карикатури во рамките на IX Средби на солидарноста претставува во многу нешто една извонредна манифестација на острото перце, цртаниот збор и смелоста на духот.**

**Секако, светските настани имаа битно влијание на годинешнава Галерија и ѝ дадоа тон на некоја помалку чудна морничавост која ја потисна функцијата на карикатурите т. е. ја потисна смеата.**

**Всушност на посетителот му се наметнува прашањето зошто, и тоа големо зошто лебдее во амбиентот на галеријата од една карикатура до друга, од идеја до идеја и тоа прашање нема свој моментен одговор. Посетителот го носи со себе и во себе како мора, а одговорот доаѓа како експлозија од личното сознавање.**

Секој автор во карикатурата дава своја лична креација на светот, односно на настаните, давајќи и форма на гротеска или сатира.

Годинашниот „Гран при“ го доби чехословачкиот карикатурист Власта Забрински. Неговата карикатура поседува эдржан ненаметлив хумор, хумор кој во исто време предизвикува смеа и чудење, а пред сè фамозното „ЗОШТО“. Забрански со култивираниот однос покажува несомнителни ликовни квалитети во поентелистичката техника на цртежот. Од другите наградени автори, би ги одделил југословенските карикатуристи Бранислав Обрадовиќ и Марјан Манчек, со извонреден дух и техника на интерпретација.

Од тројцата наградени полски карикатуристи, интересен е Јулијан Богданович со едноставен цртеж и апсурден мотив. Ферух Доган (Турција) суверено владее со цртежот што е карактеристично за скоро сите турски претставители. Останатите наградени се под ова ниво.

Од 284 учесници на IV светска галерија на карикатура посебно внимание предизвикуваат карикатуристите чиј мотив е драматичната визија на вистината, визија на завојуваниот свет. Меѓу нив би ги истакнал чехословачкиот карикатуриста Јарослав Пап, унгарскиот Јено Далос, југословенските карикатуристи Живко Козар, Зоран Јакимовски и Драги Зафировски.

Како претставник на чистиот хумор пред сите би го истакнал минатогодишниот добитник на „Гран при“ Душан Петричиќ, Слободан Милиќ, учесникот од СССР Виктор Александрович — Чижиков, Ѓузепе Лагана (Италија) и Нел Винтер (Данска).

Ова е краток избор од импозантниот има дадено нешто свое, нешто што би број на учесници. Меѓутоа, секој автор сакал да го порача на светот да го запре безумието на војната, да го врати залутаниот голуб на мирот, да го спречи олимпискиот огин да не гори со крвав пламен. Луѓето да се сакаат и да се смејат.

Во просториите на Музејот на современата уметност во Скопје истовремено беа отворени и две самостојни изложби на двајцата истакнати турски карикатуристи: Семих Балчиоглу и Ферух Доган, и двајцата учесници на сите досегашни галерии на светската карикатура на кои биле и наградувани.

Битна карактеристика на нивната карикатура е добриот и прецизен цртеж без зборови. Балчиоглу во својата карикатура, дејствува како фантастичен архитект, чија карикатура потсетува на убава тантела распната помеѓу стварноста и бајката. Доган е многу поблизок до светот во кој живее, посебно заинтересиран за човекот како психолошка личност, за човекот ангажиран, немоќен или моќен, човекот во апсурдот на својот род. Доган ја пренесува својата визија на животот без зборови и со едноставен цртеж го покажува црниот свет на бела хартија.

*Богдан Мусовиќ*

*Власта Забрански — „Зошто“?*

